**Д-р Илија Руменов,** *доцент на научната област меѓународно приватно право*
i.rumenov@pf.ukim.edu.mk;
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје
Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, Република Македонија

# Новитети на Законот за меѓународно приватно право во однос на определувањето на меродавното право за семејните односи

## *АПСТРАКТ*

Законот за меѓународно приватно право од 2020 година претставува темелна реформа на нашето национално меѓународно приватно право. Реформите настанаа како резултат на целосната хармонизација на македонското МПП со МПП на ЕУ при што решенијата во Регулативите на ЕУ поврзани со прекуграничните семејни односи беа инкорпорирани во домашните правни правила. Тоа значи, инфлација на прописи, кои создаваат определена потешкотија во апсорпцијата од страна на праксата и разбирањето на овие правила е од огромно значење ако се има предвид дека семејните односи со странски елемент се најзастапени случаи во Република Македонија во делот на МПП. Разводот на бракот, односите на родителите и децата, издржувањето се само едни од правните односи кои претрпеа промена. Оваа статија има за цел да даде пресек на решенијата поврзани со МПП во семејните односи и да ги детектира слабите точки кои можат да направат проблеми во праксата.

Позначајни зборови: ЗМПП, судир на законите, семејни односи, Регулатива 4/2009, Регулатива Рим3.